**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од средно образование

http://sctm.mk/natprevari-2018-mk.htm

## Права и обврски на координаторот и училиштата-домаќини

1) Училиштата-домаќини се должни да обезбедат доволен број училници и тестатори (чувачи) за натпреварот, а тоа да бидат наставници кои **не предаваат** хемија. Овие наставници се одговорни за дисциплината и регуларноста на натпреварот во соодветната училница и за оваа нивна активност добиваат потврда од СХТМ.
2) Координаторот прави распоред на седење на учениците, така што учениците од исто училиште треба да бидат максимално **оддалечени** еден од друг во училницата. Списоци со распоред на ученици треба да бидат истакнати на видно место на влезот на училиштето, како и на вратата на секоја училница во која што ќе се натпреваруваат учениците.
3) Координаторот го подига/добива тестовниот и другиот потребен материјал од соодветната база за достава во најблиското место.

## Достава на тестовниот и друг материјал

1) Пред отпочнување на натпреварот на координаторот ќе му бидат доставени комплетни материјали за изведување на натпреварот кои содржат:
- тестови со коверти (да се подигнат од брза пошта или ќе бидат доставени од претставник на СХТМ)
- список на ученици (доставени по електронски пат)
- упатство за членовите на општинската комисија (доставено по електронски пат)
- формулар за записник (доставен по електронски пат и заедно со тестовите)

## Општинска комисија и наставници-ментори

1) Во општинската комисија членуваат присутните наставници-ментори од сите училишта кои учествуваат на натпреварот. Наставниците-ментори се присутни во училиштето-домаќин **цело време додека трае натпреварот**, сè до предавањето на претставникот на брза пошта. Координаторот од училиштето-домаќин е претседател на општинската комисија. Доколку се натпреваруваат и ученици од основно и од средно училиште, тогаш има еден координатор за основно и еден за средно образование.
2) Менторите имаат **право и обврска** да учествуваат на натпреварот преку контрола на натпреварувачите. Еден ментор не смее да контролира ученици од своето училиште или ученици со кои е во роднинска врска. Доколку ова се случи, учениците ќе бидат дисквалификувани, а наставникот повикан на одговорност.
3) Претседателот на комисијата (координаторот од училиштето-домаќин) поседува список од учениците кои имаат право да учествуваат на натпреварот.
4) Претседателот на комисијата (координаторот од училиштето-домаќин) ги носи испечатените тестови кои се наоѓаат во запечатена кутија или коверт, која **се отвора во присуство на сите наставници-ментори**.
5) Тестовите ги дели наставникот-тестатор во присуство на еден предметен наставник – член на општинската комисија, кој нема свои ученици во таа училница.
6) За време на натпреварот **не е дозволено присуство на други наставници во училницата**, освен при одговарање на прашања од ученици.
7) По завршување на натпреварот се собираат сите тестови и се групираат по категорија. **На тестот и на ковертот**, без да се отвора, од надворешната страна се запишува шифра од страна на член на општинската комисија, која се состои од името на општината и

број. Шифрите се ставаат на следниов начин: Првиот тест од купчето за I категорија се означува со шифра ОПШТИНА-101, пр. ВЕЛЕС-101 (**шифра се пишува и на ковертот и на тестот**); на следните тестови/коверти се запишуваат шифри, пр. ВЕЛЕС-102, ВЕЛЕС-103 итн. сè до последниот тест од I кат. Соодветно, се означуваат тестовите и ковертите за II категорија (се започнува со шифра ОПШТИНА-201, потоа ОПШТИНА-202, ОПШТИНА-203, сè до последниот тест), и за и III кат. – ОПШТИНА 301, 302...

8) Тестовите **не се прегледуваат**. По обележувањето со шифри, сите тестови се ставаат во коверт и се предаваат на претставник од брзата пошта.
9) Комисијата прави записник за текот на натпреварот(**во два примерока**) така што го пополнува формуларот за записник кој е претходно доставен по електронски пат до координаторот. На овој формулар **мора** да бидат потпишани (со цело име и презиме, училиште и со краток потпис) **сите наставници-ментори** кои учествувале во спроведувањето на општинскиот натпревар. На официјалниот мејл координаторорт доставува записник во електронска форма (електронскиот записник да ги содржи истите податоци како и печатениот).
10) Сите материјали (тестовите и двата примерока од записникот) се предаваат на претставник од брзата пошта во самото училиште или на претставникот од СХТМ.
11) Наставник кој е вклучен во натпреварите, а не се однесува професионално и во согласност со наведениве правила, може да биде повикан на одговорност (вклучително и кривична, доколку се докаже дека постои „пробивање“ на тестот во кое учествувал наставникот).

За евентуални нејаснотии, **на денот на општинскиот натпревар,** може да ја консултирате проф. д-р Марина Стефова на 078/447-442.